РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 03-571/1
09.05 2022 год.
ВЕЛЕС

Во согласност со правилата од грантот за Проектот **"The sky is the limit "** кој е финансиски поддржан и спроведуван во рамките на Програмата Еразмус+ на Европската Унија, а менаџирана од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Директорот на ССОУ "Коле Неделковски" од Велес распишува

# К О Н К У Р С

За аплицирање за учество на ученици од втора, трета и четврта година, насоки КЕЛНЕР, ГОТВАЧ и ХОТЕЛСКО ТУРИСТИЧКИ ТЕХНИЧАР, кои преку овој проект би биле вклучени во практична обука соодветна на нивниот образовен профил во "Apulia Praia Hotel" од Апулиа, Португалија.
Обуката во Португалија ќе се одржи во периодот од 15.08.2022 до 03.09.2022[1] година.

Учениците кои се заинтересирани да аплицираат за оваа обука треба да достават:

- Мотивационо писмо;
- Пополнет формулар (кој може да се потполни електронски преку веб страната на училиштето **https://kolenedelkovski.edu.mk**).
- Копии од сведителства од претходно завршени години
- Препораки од предметни наставници
- Препораки од компании(каде изведувале практична настава)
- Доказ за социјален статус(социјално ранлива категорија)

Документацијата да се достави до 16.05.2022 година.

Сите апликанти ќе бидат повикани на интервју кое ќе се одржи во периодот од 17.05.2022 до 19.05.2022 година. На истиот датум се очекува апликантите да бидат присутни пред салата за презентации во училиштето во 08:00 часот. Интервјуто исто така ќе се бодува во вкупниот скор при селекцијата.

Дополнителни 10 поени во финалната селекција добиваат кандидатите кои припаѓаат на некоја од следниве ранливи категории ( семејство примател на социјална помош, деца без родители, самохран родител и сл. )

Проектот предвидува во обуката во Португалија да бидат вклучени десет (10)ученици кои ќе бидат придружувани од еден(1) професор.

Директор

Весна Стојанова Богоевска

Датум: 09.05.2022 година

---

[1] Датумите може да бидат предмет на ревидирање во согласност со патните аранжмани.

Проектот "**Capacities development initiative**" е финансиски поддржан од Програмата Erasmus+ на Европската Комисија

Erasmus+